# ВИСТИНСКАТА РЕЛИГИЈА



Билал Филипс

شبكة الألوكة
www.alukah.net

# الدين الصحيح

## (باللغة المقدونية)




Conveying Islamic Message Society
P.o.Box 834 - Alex - Egypt
E-Mail:info_en@islamic-message.net
E-Mail:cims_eg@yahoo.com
Site: www.islamic-message.net
Not for sale



شبكة الألوكة
www.alukah.net

www.alukah.net

شبكة الألوكة

*Билал Филипс*

# ВИСТИНСКАТА РЕЛИГИЈА

Legis

شبكة الألوكة - قسم الكتب

www.alukah.net

*Наслов на оригиналот:*

Bilal Philips

**THE TRUE RELIGION**

*Преведе од англиски*

**Валон Садику**



شبكة الألوكة - قسم الكتب

# Исламската религија

Првата работа што секој заинтересиран би требало да ја знае за исламот е значењето на зборот „ислам“. Исламската религија не е именувана според некоја личност, како на пример христијанството, коешто е именувано според Исус Христос, будизмот според Готама Буда, конфучиенизмот според Конфучије, или пак марксизмот според Карл Маркс. Ниту пак е именувана според некое племе, како јудаизмот според племето Јуда или хиндуизмот според Хиндусите. Исламот е вистинска религија од Алах[1], и како таков, неговото име ни го претставува централниот принцип на божјата религија: целосно потчинување на сопствената волја кон Бог. Арапскиот збор „ислам“ значи покорност или потчинување на човековата волја кон единиот вистински Бог заслужен за обожување – „Алах“, и секој што работи според овие принципи се именува како „муслиман“. Овој збор исто така значи и „мир“ којшто е природна последица на целосното потчинување на волјата кон Бога. Значи, исламот не е нова религија донесена од Пратеникот Мухамед, нека е Божјиот мир над него, во Арабија во седмиот век,

[1] Алах - Бог, Врховен и единствен Бог, Господар и Создател, во христијанството познат како Отецот, а во јудаизмот како Јахве (заб. на прев.).

туку е вистинската религија на Бог изразена во нејзината крајна форма.

Исламот е религија која му беше дадена на Адам, првиот човек и првиот Божји Пратеник, а исто така била и религија на сите Пратеници пратени од Бог на човековиот род. Името на Божјата религија, ислам, не беше донесено од подоцнежните човечки генерации. Тоа беше избрано од самиот Бог и беше јасно истакнато во Неговото последно откровение за човештвото. Во последната книга на Божественото откровение, Куранот, Бог го изјавува следново:

**„Денес ви ја усовршив верата ваша и го исполнив благодатот Мој кон вас, и задоволен Сум исламот да ви биде вера.“** Куран, 5: 3

**„На оној кој сака друга вера освен исламот (потчинетост кон Бога) – нема да му се прими.“** Куран, 3: 85

**„Авраам не беше ни Евреин ни христијанин, туку беше честит муслиман.“** Куран, 3: 67

Никаде во Библијата нема да најдете пасус во кој Бог им вели на луѓето на Мојсеј, или на неговите наследници, дека нивната религија е јудаизмот, ниту пак на следбениците на Христос дека нивната религија е христијанството. Всушност, „Христос“ не е ни негово име, ниту било Исус. Името „Христос“ доаѓа од грчкиот збор „Христос“, што значи „помазаниот“. Односно, „Христос“ е грчки превод од еврејскиот наслов „Месиах“. Од друга страна, пак, името „Исус“ е латинизирана верзија од еврејското име

„Исау“ (Есау). Поради полесно разбирање, ќе продолжам да го именувам пророкот[2] Исау, мир над него, како Исус. Што се однесува на неговата религија, тоа е она на што ги повикуваше своите следбеници. Исто како и Пратениците пред него, и тој ги повикувал луѓето да ѝсе покорат на волјата на Бог, и ги предупредил да останат подалеку од лажните божества на човечката имагинација.

Според Новиот Завет, тој ги подучувал своите следбеници да се молат на следниов начин: „Оче наш, Кој си на небесата, да се свети името Твое; да дојде царството Твое, да биде волјата твоја, како на небото, така и на земјата...“ (Лука 11:2)

## Пораката на исламот

Бидејќи целосната покорност на човековата волја кон Бога ја претставува суштината на обожувањето, основната порака на Божествена религија, исламот, е обожување единствено на Бог и одбегнување на обожување на некоја личност, место или нешто друго освен Бог. Додека сè друго освен Бог, Создателот на сите дела, се Божји созданија; би можело да се наведе дека исламот, всушност, го повикува човекот да го одбегне обожувањето на созданијата и го поканува да Го обожува единствено Создателот. Тој е Единиот заслужен за човечко обожување,

[2] Поради несоодветноста на поимот „пророк“со вистинската мисија и дело на Божјите Пратеници, во понатамошниот текст ќе го употребувам поимот „Пратеник“ кој е посоодветен и е во склад со исламските доктринарни учења и термини (заб. на прев).

и само со Негова волја молитвите се исполнуваат. Ако човек му се моли на дрвото, и ако неговите молитви се исполнат, не е дрвото тоа што одговорило на неговите молитви, туку Бог, Којшто дозволил молбите да бидат реализирани. Некој може да спомне: „Тоа е очигледно“ но сепак, на дрво-следбениците не би им било многу очигледно. Слично на тоа, молитвите кон Исус, Буда, Кришна, кон св. Павле или кон св. Јован, па дури и кон Мухамед, не се исполнувани од нив, туку од Бог.

Според ова, Исус не им проповедал на своите следбеници да го обужуваат него, туку Бога. Како што се вели во Куранот:

**„А кога Алах ќе рече: ‚О Исусе, сине Маријин, им зборуваше ли на луѓето: Обожувајте нé, мене и мајка ми како божества, покрај Алах!‘ Тој ќе рече: ‚Славен биди! Не ми прилега да зборувам за она за што немам право.‘“** Куран, 5: 116

Кога Исус, нека е Божјиот мир над него, обожуваше, не се обожуваше себеси, туку Го обожуваше Бога. Овој основен принцип е застапен во првото поглавје во Куранот, познато како „Фатиха“, стих 5: **„Ние само Тебе Те обожуваме и ние само од Тебе помош бараме!“**

На друго место, во последната книга на откровението - Куранот, Бог вели: **„Господарот ваш вели: ‚Повикувајте Ме, ќе ви одговорам!‘“** Куран, 40:60

Треба да се истакне важната порака на исламот дека Бог и Неговото создание се јасно различни

ентитети. Ниту е Бог создание или дел од тоа, ниту пак Неговото создание е Тој или пак дел од Него. Ова би можело да изгледа очигледно, но човековото обожување на созданијата на местото на Создателот, во голем дел се базира врз непознавањето на овој концепт. Постои верување дека Битието на Бог е насекаде во Неговото создавање, или пак дека Неговото Божествено Битие е, или пак било присутно, во некои форми на Неговите созданија, оправдувајќи го на овој начин обожувањето на созданието, така што ова обожување може да се нарече „обожување на Бог преку Неговите созданија". Како и да е, пораката на исламот, како што е донесена од Божјите Пратеници, е да се обожува единствено Бог и да се одбегнува обожувањето на неговите созданија на директен или на индиректен начин. Во Куранот Бог јасно наведува:

**„И Ние[3] за секој народ, секако, испративме Пратеник: ‚Обожувајте Го Алах и избегнувајте ги лажните богови!'"** Куран, 16: 36

Кога на идолопоклониците им се поставува прашањето зошто му се поклонуваат на идолот создаден од човекот, одговорот е секогаш непроменлив: тие, всушност, не ја обожуваат самата камена ста-

---

[3] Ние – заменка која се однесува на Бог. Тоа е вообичаена особеност на арапскиот говор, користен за истакнување на важноста на говорникот. Во никој случај не претставува множина на говорникот, туку напротив, ги истакнува едноштвото и важноста на говорникот (заб. на прев.).

туа, туку Бога, Којшто е присутен во неа. Тие тврдат дека камените идоли се само фокусна точка на Божјото Битие, и дека самото тоа не е Бог! Тој што го прифатил концептот на постоењето на Битието на Бог во Неговото создание, на кој било начин, ќе биде обврзан да го признае овој аргумент за идолопоклонство. Така, оној кој ја разбира основната порака на исламот и неговите импликации, никогаш не би се впуштил во идолатрија, без разлика на тоа како таа ќе се рационализира. Тие, кои низ вековите го прокламираат божеството за самите себеси, често ги базирале своите тврдења на погрешното верување дека Бог е присутен во човекот. Тие просто се бранат со тоа дека иако Бог, според нивните неточни верувања, е во сите нас, тој е повеќе присутен во нив отколку во нас другите. Оттаму тие сметаат дека ние би требале да им се покоруваме ним и да ги обожуваме нив, како да се тие Бог во личноста, или пак Бог концентриран во самата личност. Слично на ова, оние што го бранеле ова духовно – Божјо братство, имаат пронајдено плодна почва меѓу оние кои го прифаќаат неточното верување во Божјото присуство во човекот. Тој што ја сознал основната порака на исламот и неговите импликации, никогаш не би можел да се согласи да обожува човечко суштество под какви било околности. Божјата религија, всушност, е јасен повик на обожување на создателот и одбегнување на актот на обожување на созданија во каква било форма. Во ова се состои и значењето на мотото на исламот: „Ла илахе иллаллах" – Нема друго божество освен Алах!



شبكة الألوكة - قسم الكتب

Искажување на овој збор ја донесува индивидуата во закрилата на исламот, а искреното верување во него му го гаранатира рајот. Затоа, се пренесува дека последниот Пратеник на исламот рекол: „Секој што ќе рече: Нема друго божество освен Алах и умира придржувајќи му се на ова верување, ќе влезе во рајот.“ (Пренесено од Ебу Дар во колекцијата на веродостојните хадиси[4] од Бухари и Муслим)

Ова се согласува со потчинетоста на Алах како на Еден Бог, со послушноста кон Него, со покорување на Неговите заповеди и со одбивањето на политеизмот и политеистите.

## Пораката на погрешната религија

Постојат толку многу секти, култови, разни верувања, движења и философии на светот кои се декларираат како вистински и единствен пат до Бога. Но, како може некој да определи која од овие е во право, или пак сите се во право?! Начинот на кој би можеле да го пронајдеме одговорот е да ги прочистиме површинските разлики на учењата на различните предавачи за конечната Вистина, и да го идентификуваме централниот објект на обожувањето на кој тие повикуваат на директен или на индиректен начин. Сите погрешни религии имаат еден основен заеднички концепт што се однесува на Бог. Тие, или се изјаснуваат дека сите луѓе се богови, или дека определени луѓе биле Бог, или дека при-

[4] Збирки во кои се собрани зборовите и делата на Мухамед, нека е Божјиот мир над него (заб. на прев.).



شبكة الألوكة - قسم الكتب

родата е Бог, или, пак, дека Бог е продукт на човечката имагинација.

Според тоа, може да се тврди дека основната порака на погрешната религија е дека Бог може да се обожува преку Неговото создание. Погрешната религија го повикува човекот да го обожува созданието, именувајќи го тоа, или некои аспекти од созданието – Бог. На пример, Пратеникот Исус ги повикувал своите следбеници да Го обожуваат Бог, но тие што се изјаснуваат како негови следбеници денеска ги повикуваат луѓето да го обожуваат Исус, тврдејќи дека тој бил Бог!

Буда бил реформатор, којшто претставил еден голем број хуманистички принципи на религијата во Индија. Тој никогаш не тврдел дека е Бог, а ниту пак дека е објект на обожување. Но, сепак, денес повеќето будисти кои се наоѓаат надвор од Индија го прифаќаат Буда како Бог и им се поклонуваат на идолите направени според својата замисла за неговиот лик.

Со користењето на принципот за идентификација на објектот за обожување, погрешната религија станува многу очигледна и измислената природа за неговото потекло станува појасна. Како што Бог наведува во Куранот:

**„Оние кои ги обожувате освен Него се само имиња кои им ги дадовте, вие и предците ваши; за тоа Алах не ви објави никаков доказ. Пресудата е само Алахова. Ви нареди само Него**

**да Го обожувате. Е, тоа е вистинската вера, но повеќемината меѓу луѓето не разбираат!“** Куран, 12: 40

Би можело да се расправа дека сите религии учат добри нешта, па зошто би било важно која ја следиме?

Одговорот на тоа е дека сите погрешни религии го предаваат најголемото зло – обожување на созданијата. Обожување на созданијата е најголемиот грев што човекот може да го изврши, затоа што се спротивставува на единствената цел за неговото создавање. Човекот бил создаден да го обожува единствено Бога, како што Бог експлицитно изјавува во Куранот:

**„И џините[5] и луѓето ги создадов само за да Мé обожуваат.“** Куран, 51: 56

Последицата од обожување на созданието што е суштина на идолатријата, е единствениот непростлив грев. Оној којшто умира во состојба на идолатрија ја запечатил својата судбина за следниот живот. Ова не е опција, туку откровен факт кажан од Бога во Неговото последно откровение за човекот:

**„Алах, навистина, нема да прости да Му се припишува здруженик, а сé, освен ова, простува кому сака.“** Куран, 4: 48)

---

[5] Џин – невидливо духовно битие, демон (заб. на прев.).

## Универзалноста на исламот

Бидејќи последиците од погрешната религија се толку сериозни, вистинската религија на Бог треба да биде универзално разбирлива и дофатлива, неограничена за определени луѓе, места или време. Во исламот не може да постојат состојби, како што е баптизмот – верувањето во човекот како спасител, за да може верникот да влезе во рајот. Во самиот централен принцип на исламот и во неговата дефиниција (покорност на сопствената волја единствено кон Бог) лежат корените на исламската универзалност. Без оглед на тоа кога човекот ќе сфати дека Бог е Еден, и дека е одвоен од Неговото создание, и се потчинува себеси кон Бог, тој станува муслиман во телото и во духот, и бидува достоен за рајот. Според тоа, секој, во секое време, од најразличните и од најрасфрлените религии во светот може да стане муслиман, следбеник на Божјата религија, исламот, едноставно одбивајќи ги обожувањата на созданијата и свртувајќи се единствено кон Бога. Исто така, би требало да се истакне дека сознавањето и покорноста кон Бог бара самиот човек своеволно да избира меѓу правилното и погрешното, а таквиот избор имплицира одговорност. Човекот ќе се означи како одговорен за своите избори, и, како таков, тој би требало крајно да се потруди да прави добро, а да го одбегнува злото: крајната позитивна состојба – обожување на единствениот Бог, или пак крајната негативна состојба – обожување на Неговото создание. Овој факт е покажан во последното откровение, каде што стои следново:

**„Оние кои веруваа, па и иние кои ги следат Евреите, христијаните и Сабејците – оние кои веруваат во Алах и во Последниот Ден, и кои прават добри дела – за нив има награда кај Господарот нивен, навистина! Тие нема да стравуваат и нема да тагуваат!“** Куран, 2: 62

**„Да се придржуваа кон Тората, Евангелието и кон она што им е објавено од Господарот нивен сигурно ќе уживаа во среќа од сите страни! Меѓу нив има заедница на прав пат. Но, многу од нив одат по пат кој е грешен.“** Куран, 5: 66

## Сознавање на Бог

Прашањето што овде произлегува е: како е можно да се очекува сите луѓе да веруваат во Бог, имајќи ги предвид нивните разлики во однос на местата на живеењето, на општествата и културите?

За да бидат одговорни за обожувањето на Бог, луѓето би морале да имаат пристап кон знаењето за Бога.

Последното откровение, Куранот, нè учи дека целиот човечки род го има запечатено сознавањето на Бога во своите души, дека тоа е дел од самата нивна природа со која се создадени. Во поглавјето „Араф“, во пасусите 172-173, Бог објаснува дека кога Тој го создаде Адам, предизвикал сите Адамови потомци да проживеат и зел ветување од нив, кажувајќи им: **„Нели Сум Јас Господарот ваш?“ Рекоа: „Да, сведочиме!“** Бог потоа објаснил зошто го има целиот човечки род за сведок дека Тој е Создателот и

Единиот вистинит Бог за луѓето, заслужен за обожување. Тој рекол: **„За да не речат на Денот Суден: ‚Ние за сето ова бевме неизвестени!'"** т.е. да се рече дека ние немавме замисла дека Ти, Боже, беше наш Господар; никој не ни кажа дека требаше единствено Тебе да Те обожуваме. Бог продолжува со објаснувањето: **„Или да не речете: ‚Предците наши, пред нас, здруженик Му припишуваа на Алах, а ние сме само потомци нивни, навистина! Ќе не уништиш ли поради она што го чинеа лажливците?'"**

Според тоа, секое дете е родено со природно верување во Бога, и таквата всадена наклонетост да Го обожува единствено Него, во арапскиот јазик се именува како „Фитрах".

Ако детето е оставено само, тоа ќе Го обожува Бог на свој начин, но, како што знаеме, сите деца се наклонети кон објектите околу нив, било да се видливи или невидливи.

Пратеникот, нека е Божјиот мир над него, известува дека Бог рекол: *„Ги создадов моите слуги во вистинската религија, но ѓаволот направи тие да одат по погрешниот пат."* Пратеникот, нека е Божјиот мир над него, исто така, рекол: *„Секое дете е родено во состојба на ‚фитрах', потоа неговите родители го прават Евреин, христијанин или пак Зороасторијанец..."* (Од колекцијата хадиси на Бухари и Муслим)

Значи, како што детето им се покорува на физичките закони што Бог ги има создадено во природата, исто така и неговата душа природно му се покорува на фактот дека Бог е неговиот Господар и Создател. Но, неговите родители го наведуваат да оди по нивните стапки, а детето во тие години на животот не е толку силно за да ги одбие или да ѝсе спротивстави на нивната волја. Религијата по која оди детето во овој период претставува обичај и воспитување, и Бог не го задолжува или не го казнува него поради оваа религија.

Потоа, низ животот од детството до времето на смртта, на луѓето им се прикажуваат знаци во сите делови од светот и во нивните сопствени души, сè додека не им стане јасно дека постои само Еден Бог (Алах). Ако луѓето се искрени кон себеси, ги одбегнуваат своите лажни верувања и трагаат по Бога, тогаш патот ќе им биде олеснет, но ако тие постојано ги отфрлуваат тие Божји знаци и ако продолжат со обожувањето на созданијата, ќе им биде потешко да избегаат од идолатријата.

На пример, во југоисточниот дел на амазонската џунгла, во Бразил, Јужна Америка, едно примитивно племе изградило колиба за да го премести својот главен идол Скввач кој го претставувал супериорниот Бог на сите созданија. Во следниот ден, еден млад човек влегол во колибата да му оддаде почит на Господарот, и додека ѝсе поклонувал на статуата, за која што беше учен дека е негов Бог и Поткрепител, едно шугаво скитничко куче влегло во

колибата, ја кренало својата лева нога и почнало да мокри врз идолот. Момчето збеснало и го избркало кучето надвор, но откако бесот му минал, сфатил дека идолот не би можел да биде Господар на универзумот. Бог мора да е на некое друго место! Тој сега има избор за дејствување според сопственото знаење и да трага по Бог, или пак да продолжи бесчесно да оди по патот на лажните верувања на своето племе. Колку чудно да ни изгледа, тоа било знак од Бога за тој млад човек. Во себе го содржи тоа Божествено управување коешто му укажа дека тоа што го обожувал било погрешно.

Пратениците, како што претходно беше спомнато, им биле пратени на секој народ и на секое племе, за да го поддржат човековото природно верување во Бога и во човечката вродена наклонетост да го обожуваат Него, а исто така и да ја зајакнат Божествената вистина во секојдневните знаци откриени од Бога. Иако во повеќе случаи многу од пророчките учења доживеале изкривоколчување, делови од нив останале како знаци на она што е добро, а што лошо. На пример, Десетте заповеди од Тората, нивното потврдување во Евангелието, и постоењето на законите против убиствата, кражбите и прељубодејствијата во повеќето општества.

Како последица на ова, секоја душа ќе биде повикана да даде сметка за своето верување во Бога и за своето прифаќање на религијата на исламот: целосната покорност на волјата кон Бога.

Му се молиме на Возвишениот Бог да нè одржи на вистинскиот пат по кој нè водел до денес, и да ни го подари Својот благослов, навистина Тој е Најмилостивиот.

Славата и благодарноста Му припаѓаат на Бога, Господарот на световите.

Благословот и мирот нека бидат над последниот Пратеник на Бог – Мухамед, мир над него, над неговото семејство, над неговите придружници, и над сите оние што правилно го следат неговиот пат.

www.alukah.net
شبكة الألوكة

# *Содржина*

Исламската религија..................................................3

Пораката на исламот .................................................5

Пораката на погрешната религија..............................9

Универзалноста на исламот......................................12

Сознавање на Бог.....................................................13

شبكة الألوكة - قسم الكتب

www.alukah.net

*Јазична редакција*
Фатмир А. Ковачи

*Лектура*
Јадранка Владова

*Компјутерска обработка*
Газменд Хоџа

On-line верзијата на оваа книга можете да ја најдете
на сајтот:

**www.makislam.info**



شبكة الألوكة - قسم الكتب

هذا الكتاب منشور في

شبكة الألوكة

www.alukah.net